**Врз основа на член 73 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (Сл.весник на Р.М. бр.10/97,54/97 и 13/2001), министерот за финансии го донесе следниот**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ДЕПОНИРАЊЕ И ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ФОНДОТ НА ДОБИВКИ

**Службен весник на Р.М.број 42/01**

**Важи од 28.05.2001 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на депонирање и исплата на средствата наменети за фондот на добивки што приредувачите на игри на среќа ги депонираат на посебна сметка се до нивната целосна исплата.

## Член 2

Приредувачите на игри на среќа, кои согласно Законот за игри на среќа и за забавните игри и правилата на игри на среќа, претходно од учесниците во игрите на среќа прибираат средства (уплати), а во рок од најмалку седум дена вршат извлекување и објавување на добивките, средствата наменети за фондот на добивки ги депонираат на посебна сметка се до целосната исплата на добивките кај носителот на платниот промет каде имаат сметка за редовно работење.

## Член 3

Приредувачот,кај истиот носител на платниот промет покрај редовната сметка треба да има и посебна сметка на која ќе се депонира фондот на добивки.

## Член 4

Приредувачот со носителот на платниот промет склучува договор за начинот на депонирањето и исплатата на депонираните средства наменети за фондод за добивките.

## Член 5

Приредувачот депонираните средства наменети за фондот за исплата на наградите може да ги подигне по званично објавениот резултат од играта на среќа.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен весник на Република Македонија

**Бр.09-10443/1**
**28 Мај 2001 година**
**Скопје**

**Министер за финансии**
**Никола Груевски,с.р.**